

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
## НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ЗА 2024 ГОДИНА

Скопје, Декември 2023 година

# ВОВЕД

Програмата за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2024 година (во натамошниот текст: ССРСМ) е документ со основна цел да обезбеди оптимално насочување на расположливите ресурси кон приоритетните области, јакнење на капацитетите во сите сегменти на работењето, понатамошно подобрување на квалитетот на работењето, како и следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки и активности.

Во текот на 2024 година, ССРСМ ќе се залага за доследна примена и постапување по одредбите од донесената законска регулатива во Република Северна Македонија, имплементација на препораките од Извештајот на оценската мисија на ЕУ, ќе ги следи состојбите во судството и ќе поднесува предлози за подобрување на неговата работа; ќе ја унапредува соработката на институциите на судската власт со другите чинители во земјата; ќе се залага за транспарентност и отчетност во работата на ССРСМ и ќе даде поддршка на судиите во ситуации кога е загрозен нивниот интегритетот при вршење на нивната работа и во случаи на повреда на нивниот интегритетот при вршењето на нивната функција.

Целта на оваа Програма е пред сѐ унапредување на независност на работата на судството, зголемување на ефикасноста на судството, континуирано следење на работата на судовите, проекција за слободни судиски места и запазување на принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, следење на препораките и предложените мерки од анализата на тромесечните и годишните извештаи за работа на судовите, како и обезбедување на соодветна, навремена и транспарентна комуникација со јавноста во функција на подобро разбирање на надлежностите на ССРСМ и неговата работа. Судскиот

совет на РСМ ќе продолжи со своите активности, при што целокупната негова работа е јавна, вклучително и седниците на ССРСМ, освен оние на кои согласно законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможува седниците на ССРСМ непречено да ги следат граѓаните, претставници на медиумите и други релевантни институции.

Програмата се темели врз следните ***ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ:***

1. Фокус кон професионално, навремено и квалитетно исполнување на надлежностите и работните задачи
2. Обезбедување на владеењето на правото
3. Независност во носењето на одлуките
4. Брза примена на дадени препораки
5. Брза реакција во случаи на зачувување на интегритетот на судиите и независноста на судиската функција
6. Транспаретност и отчетност во работењето
7. Отвореност за соработка со други институции и организации
8. Почитување на различностите
9. Отвореност за унапредување на капацитетите и организациско учење

**ПРИОРИТЕТИ НА СУДСКИОТ СОВЕТ ВО ПРОГРАМАТА И АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА**

- Следење и спроведување на новите законски регулативи во однос на работата на ССРСМ
- Имплементација на препораките од Извештајот на оценската мисија од ЕУ
- План за континуирано следење на работата на судовите
- Редовна изработка на извештаи за посети на судовите
- Препораки за судовите и обезбедување поголема соработка со Министерството за правда и Министерството за финансии
- Подобрување на угледот на Судскиот совет на РСМ

- Организирање настани за претставување на работата на судовите и ССРСМ
- Организирање дебати за предизвиците со кои се соочува судството
- Заштита на судиите од притисоци и заштита на независноста на судството
- Остварување поголема финансиска независност на ССРСМ
- Проценка на кадровската потреба на судии и јакнење на човечките ресурси
- Унапредување на соработката со Академијата за судии и јавни обвинители
- Обезбедување соодветни просторни, технички и човечки ресурси и вработување на експерти за статистики и проценки
- Донесување и измена на подзаконски акти за работата на ССРСМ
- Запазување на принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РСМ
- Следење на препораките и предложените мерки од анализите на тримесечните и годишните извештаи за работата на судовите
- Ажурирање на судската мрежа

# АКЦИСКИ ПЛАН НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024

## 1. Независност на судството

### 1.1. Унапредување на независноста на судството

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Рок на реализација | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Независност на ССРСМ | Заштита на работата на ССРСМ | Да се обезбеди проактивна улога на членовите на ССРСМ во креирањето на новите законски прописи | Подобрување на постоечките закони за унапредување на независноста на ССРСМ и судството | Министерство за правда (МП) | Континуирано | Буџет на РСМ |
| | Заштита на угледот и функцијата на член на ССРСМ | Навремена реакција во случај кога е загрозен угледот и функцијата на член на ССРСМ | Соопштенија , брифинзи, прес конференции и др. организирање на тркалезни маси за да се разговара за притисоците и ризиците кон независноста (разни интересни групи судии, адвокати, јавни обвинители, новинари и др.) | ССРСМ | Континуирано | Судскиот буџет |
| Независност на судската власт | Заштита на угледот на судиите/претседатели на суд | Навремена реакција во случај кога е загрозен угледот и интегритетот на судиите/претседатели на суд | Средби со судии/претседатели на судови кои се под притисок Алармирање на Јавното обвинителство Соопштенија , брифинзи, прес конференции и др. организирање на тркалезни маси за да се разговара за притисоците и ризиците кон независноста ( разни интересни групи судии, адвокати, јавни обвинители, новинари и др | ССРСМ | Континуирано | Судскиот буџет |

## 1.2. Финансиска независност

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Надлежни институции | Рок на реализација | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиска независност на судската власт | Обезбедување на средства на годишно ниво од 0,8% од буџетот за судството согласно Законот | Организирање средби со претставниците на надлежните Министерства за правда и финансии во функција на почитување на доделување на определените 0,8% од Буџетот на годишно ниво кои треба да бидат доделени на судството | Процентот од Бруто домашниот производ | Министерство за правда, Министерство за финансии, Собрание на РСМ | Декември 2024 | Министерство за финансии, Собрание на РСМ и Судски буџетски совет |
| | Подобрување на внатрешната комуникација во однос на распределбата на судскиот буџет | Формирање на работна група која ќе изработи единствена методологија за прибирање, обработка и размена на податоци за постигнување на целта | Реализација на буџетот за судството | Министерство за правда, Министерство за финансии, Собрание на РСМ | Континуирано | Министерство за финансии, Собрание на РСМ и Судски буџетски совет |

## 2. Континуирано следење на работата на судовите

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Рок на реализација | Надлежни институции | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на човечките ресурси со цел зголемување на ефикасноста на судтсвото | Обезбедување едуцирани и стручни човечки ресурси | Соодветна и ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во законските регулативи | Процент на пополнети систематизирани места во судовите | Континуирано | ССРСМ,судовите,Судски буџетски совет<br>Академијата за судии и јавни обвинители<br>Судскиот совет, ресорни министерства<br>ИПА проекти, НВО | ССРСМ, НВО, во соработка со меѓународни организации, Академијата за судии и јавни обвинители |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

## 3. Кадровско екипирање

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Рок на реализација | Надлежни институции | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на човечките ресурси со цел подобрување на судските услуги | Ажурирање на судската мрежа | Следење на судската мрежа | Број на жители<br>Бројот на потребни судиски места<br>Брпј на судска служба | До 30.06.2024 | ССРСМ, судовите | ССРСМ |
| | Изготвување на нови систематизации за работни места | Прибавување на мислење од судовите | Потребен број на судии<br>Потребен број на судска служба | До 30.06.2024 | ССРСМ | ССРСМ |
| | Број на судиски места<br>Пополнување на слободните судиски места и запазување на принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во РСМ | Утврдување на слободни судиски места | Број на пополнети места | | ССРСМ | ССРСМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пополнување на судска служба (информатичари и стручни соработници) | Утврдување на слободни места за судска служба | Број на пополнети места | Континуирано | ССРСМ, судовите и Судски буџетски совет | ССРСМ, НВО, во соработка со меѓународни организации |

## 4. Анализа на тромесечните и годишните извештаи за работа на судовите

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Рок на реализација | Надлежни институции | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Совладување на приливот на предмети во судовите | Ажурни судови | Навремено месечно заклучување на електронскиот систем на судовите за генерирање на месечните извештаи во ЈКМИС системот на Судскиот совет<br>Навремено доставување на извештаи од страна на судовите<br><br>Поголема комуникација помеѓу координаторите и претседателите на судовите<br>Определување на член на Судскиот совет за кординатор и следење на работата на определен суд<br><br>Контрола на остварувањето на ориентационата норма од страна на судовите<br><br>Донесување на инерен план за следење на работата на судовите | Број на доставени извештаи<br><br>Број на извршени анализи<br><br>Број на реализирани работни посети | Квартално | ССРСМ, судовите | ССРСМ |
| Ефикасност на судовите | Решавање на старите предмети | Изготвување на акциони планови за нивно решавање<br><br>Контрола за доставување на извештаите од работните тела на судовите<br><br>Работни посети | Процент на стари решени предмети<br><br>Број на извршени работни посети | Месечно<br><br>Континуирано | ССРСМ, судовите | ССРСМ |

## 5. Зајакнување на авторитетот на Судскиот совет на Република Северна Македонија

### 5.1 Зајакнување на капацитетите на ССРСМ

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Рок на реализација | Надлежни институции | Носители на буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на човечките ресурси и обезбедување на поголема видливост на работата на Судскиот совет и запознавање на јавноста со надлежностите на овој судски орган | Обезбедување едуцирани и стручни човечки ресурси и соодветна комуникација<br><br>Институционалното јакнење | Изготвување на нова систематизацира на работните места во ССРСМ<br><br>Организирање на обуки | Број на пополнети работни места<br><br>Број на реализирани обуки | Континуирано | ССРСМ, ресорни министерства НВО | ССРСМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Зајакнување на капацитетот на Центарот за информациско-комуникациска технологија, аналитика и статистика | Пополнување на слободните работни места и ангажирање на надворешни лица-експерти<br><br>Континуирани обуки | Број на пополнети работни места и ангажирани надворешни лица<br><br>Број на реализирани обуки | Континуирано | | |
| Имплеметација на препораките од Извештајот на оценската мисија на ЕУ | Зајакнување на авторитетот и угледот на Судскиот совет на РСМ | Следење и примена на препораките | Број на реализирани препораки | Континуирано | ССРСМ | ССРСМ |

## 5.2. Зајакнување на транспарентноста, во функција на подобрување на угледот на ССРСМ

| Цел | Очекувани резултати | Активности | Индикатори | Рок на | Надлежни | Носител |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на довербата на јавноста во Судскиот совет | Зголемена транспарентност на ССРСМ | Ефикасна имплементација на соодветните мерки содржани во Планот за комуникација на ССРСМ | Месечни извештаи на портпаролот | Континуирано | ССРСМ | ССРСМ |
| | Зајакната свесност за работата и надлежностите на Советот | Спроведување на обуки за јакнење на капацитетите на вработените | Број на реализирани обуки | | | |
| | Подобрување на угледот во јавноста | Обуки на претставници на медиумите со цел нивно запознавање со работата и надлежностите на Советот и судот | Број на реализирани обуки | | | |
| | | Редовно известување на јавноста за работата на ССРСМ | Број на објавени соопштенија, брифинзи, прес конференции и др. организирање на тркалезни маси | | | |

| 6. | Унапредување на регионална и меѓународна соработка со другите институции и граѓанскиот сектор | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Цел** | **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Рок на реализација** | **Надлежни институции** | **Носители на буџет** |
| Воспоставена и унапредена соработка и координација на национално и меѓународно ниво | Воспоставени механизми за соработка помеѓу институциите и организациите на национално и на регионално ниво | Потпишување на меморандуми за соработка помеѓу државни институции и невладини организации кои ќе ги земат предвид специфичните надлежности на Советот | Број на потпишани меморандуми | Континуирано | ССРСМ и меѓународни организации | ССРСМ, Релевантни министерства и меѓународни организации со донации |
| | Организирање регионална и меѓународна конференција за работата на Судските совети и судството во регионот и пошироко | Билатерална и мултилатерална соработка со Судските совет и на други држави | Број на извештаи<br><br>Број на студиски посети | | | |

бр.02-2600/1
29.12.2023 година
С К О П Ј Е

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Сашко Георгиев**